КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1112/5
31.07.2023 год.
СКОПЈЕ

*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

31 јули 2023 година

Врз основа на член 15 од Статутот на Комората, и член 2 од Упатството за работа на Комисијата за контрола на спроведување на Ценовникот бр.02-180/8-1 од 15.02.2023 година, Управниот одбор на Комората на седницата одржана на 31 јули 2023 година донесе

**ОДЛУКА**

за формирање на Комисија за постапување по пријави за непочитување на Ценовникот

1. За членови на Комисијата за постапување по пријави за непочитување на Ценовникот донесен од Комората на овластени архитекти и овластени инженери, се именуваат:
   - **Димче Галовски,** одд.Машинство, претседател на Комисијата,
   - **Веселинка Герасимова**, одд.Архитектура, член на Комисијата,
   - **Адмир Абедини,** одд.Градежништво, член на Комисијата,
   - **Владе Гроздановски,** одд.Електротехника, член на Комисијата и
   - **Михаел Димитровски**, одд.Урбанистичко планирање, член на Комисијата.
2. За заменици на членови на Комисијата за постапување по пријави за непочитување на ценовниците донесени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери, се именуваат:
   - **Лазо Димов,** одд.Геодезија, заменик претседател на Комисијата
   - **Драгана Јовановска,** одд.Архитектура, заменик член на Комисијата,
   - **Андреја Ѓуревски,** одд.Градежништво, заменик член на Комисијата,
   - **Јосиф Јосифовски,** одд.Геотехника, заменик член на Комисијата и
   - **Благица Андоноска,** одд.Животна средина, заменик член на Комисијата.
3. Заменик претседател на Комисијата секогаш е ротациониот член на Управниот одбор на Комората. По истек на мандатот на именуваното лице Лазо Димов во Управниот одбор, за заменик претседател на Комисијата се именува наредниот ротационен член.
4. Комисијата има за задача да постапува во согласност со одредбите на донесеното Упатство за работа на Комисијата за контрола на спроведување на Ценовникот.
5. Административна подршка на Претседателот и Комисијата е лице вработено во Комората, назначено од Претседателот на Комората, а координирано од Генералниот Секретар на Комората.
6. Во сета комуникација при постапување во конкретен предмет, Комисијата е должна да го вклучува Претседателот на Комората.

7. Комисијата изготвува годишен извештај за своето работење до Управниот одбор.
8. За специфични предмети, Комисијата може да вклучи надворешен член од било кое одделение.
9. Одлуката стапува на сила веднаш.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Почитувајќи го Законот за градење, превземените обврски за контрола на Ценовникот и напатствијата дадени од страна на Министерство за транспорт и врски, како и донесеното Упатство за работа на Комисијата за контрола на спроведување на ценовникот со бр.03-1112/3 од 31.07.2023 година, Управниот одбор на Комората на својата одржана седница донесе Одлука за наименување на Комисија која ќе врши контрола на спроведување на Ценовникот и ќе работи согласно именуваното Упатство за работа.

**Претседател на Управниот одбор**
М-р Кристинка Радевски

**Одлуката да се доставува до:**

- Управниот одбор,
- Именуваните лица,
- Стручната служба и архивата на Комората.

Изработил: ИС/АМ